Приватна научна установа
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ
КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА
Бр. 01-159/8
23.12 2020 год.
Прилеп

Врз основа на член 18 од Законот за научно - истражувачката дејност и член 110 од Законот за високо образование, на седницата одржана на ден 23.12.2020г., Советот на Приватната научна установа – Институт за современи композити и роботика, го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

## НА ПРИВАТНАТА НАУЧНА УСТАНОВА, ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА

-----------------------------------------------------------------------------------

-пречистен текст-

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Статутот на Приватната научна установа Институт за современи композити и роботика (во понатамошниот текст: Институт) се уредуваат: правниот статус и обележјата на Институтот, остварувањето на автономијата на Институтот, претставувањето и застапувањето, дејноста на Институтот, организационата поставеност и формите на соработка, управувањето и раководењето, органите и телата на Институтот, условите под кои се врши самоевалуација, прашањата за избор во научно-истражувачки и соработнички звања, вршењето на високообразовна дејност, стручната и административна служба на Институтот, прашањата за студентите, студентското собрание и студентскиот правобранител, издавање на диплома и промоција за завршен втор циклус на студии, меѓународна соработка, научна, истражувачка и стручна работа, финансирање и имот на Институтот, јавност во работата, правни акти и други прашања од значење за работата на Институтот.

**Член 2**

Институтот е приватна установа која врши научно истражувачка и наставна дејност од втор циклус на студии од областа на современите композити и роботиката.

**Член 3**

Полниот назив на Институтот е Приватна научна установа Институт за современи композити и роботика Прилеп.

Во своето работење и во правниот промет ја користи кратенката **СКР Прилеп.**

Седиштето на Институтот е на ул. “Крушевски Пат“ бр.бб - Прилеп.

**Член 4**

Институтот се запишува во регистарот при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и во Централниот регистар, со што по уписот во Централниот регистар, стекнува својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица Институтот настапува во свое име и за своја сметка.

**Член 5**

Институтот го претставува и застапува Директорот на Институтот.

Во случај на отсуство или спреченост на Директорот, Институтот го претставува и застапува лице овластено од него.

**Член 6**

Институтот има свој печат, сув печат (жиг), штембил и амблем (заштитен знак).

ПЕЧАТОТ има кружна форма во вообичаена димензија и во него е содржан текстот што го означува полниот назив на Институтот.

СУВ ПЕЧАТ (ЖИГ) со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРИЛЕП, а во внатрешниот ред: ПНУ Институт за современи композити и роботика. Овој печат се употребува за заверување на дипломите и уверенијата кои ги издава Институтот.

ШТЕМБИЛОТ е во правоаголна форма, со вообичаена димензија на кој што е испишан следниов текст: Приватна научна установа Институт за современи композити и роботика, бр. ____________ , ____________200___год., Прилеп.

Печатот и штембилот се употребуваат за архивско работење на Институтот.

АМБЛЕМОТ (заштитен знак) се употребува на меморандумот, хартиите од вредност, рекламите и другиот пропаганден материјал, како и на други места по потреба.

ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ
КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА

INSTITUTE FOR ADVANCED
COMPOSITES AND ROBOTICS

**Член 7**

Употребата на печатот во деловните и други односи со трети лица е задолжително.

Употребата на штембилот во деловните и други односи со трети лица е задолжително доколку не се користи посебен меморандум.

Начинот на употребата, видовите, чувањето и уништувањето на печатот и штембилот се одредува со посебна одлука на Директорот.

## ДЕЈНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 8

Главната дејност на Институтот – истражувачка дејност од областа на композитни материјали и роботика е класифицирана во **72.19** – други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки.

Покрај главната дејност од претходниот став, Институтот ќе обавува дејност – **85.59** – Друго образование неспомнато на друго место, како и сите дејности утврдени со НКД Рев. 2, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

За сите други видови на образование кои ги реализира Институтот ќе се донесат посебни акти со кои ќе се утврдат стандардите и критериумите усогласени со соодветната нормативa.

### Член 9

Институтот во своето работење се грижи за остварување на следните принципи:

-слобода и автономност на истражувањето и научното творештво;
-поврзаност со образовниот систем;
-транспарентност во работата и дисеминација на резултатите;
-етичност на научно-истражувачките работници во вршење на научните истражувања и користењето и примената на научно-истражувачките резултати;
-разновидност на научните мислења, методи теориите и доктрините;
-вклученост, отвореност и соработка во меѓународни рамки;
-примена на европските стандарди за регрутирање на истражувачи и нивно однесување;
-конкурентност и еднаквост на можностите;
-заштита на интелектуалната сопственост;
-применливост на резултатите.

### Член 10

За остварување на својата дејност Институтот донесува годишна програма за работа и развој за научно-истражувачката дејност од областа за која е основан.

### Член 11

Институтот во согласност со закон и другите подзаконски и интерни акти организира постдипломски студии (втор циклус на студии) од областа на современите композити и роботика.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 12

Институтот ја врши својата дејност преку:

-оддел за научно истражувачка и наставна дејност

-оддел за општи и административно-технички работи.

За вршење на сметководствено - финансиските работи Институтот може да вработи овластен сметководител или да ангажира друго правно лице.

**Член 13**

Со посебен општ акт поблиску ќе се уреди организацијата и работата на Институтот како и потребниот број на работници за извршување на дејноста со попис и опис на нивните работи и работни задачи.

**Член 14**

Орган на управување на Институтот е НАУЧЕН СОВЕТ НА ИНСТИТУТОТ (во понатамошниот текст: Совет).

Орган на раководење е ДИРЕКТОРОТ.

**Член 15**

Советот го сочинуваат сите лица избрани во научно звање кои имаат засновано работен однос во Институтот, претставници на соработниците и студентите, како и наставниците кои изведуваат настава на студиите од втор циклус, а не се вработени во Институтот (во понатамошниот текст: надворешни наставници).

Во Советот свои претставници избираат соработниците и студентите.

Соработниците кои имаат засновано работен однос во Институтот избираат еден претставник во Советот.

Во Советот членува и еден претставник на студентите.

Мандатот на членовите на Советот е врзан со работниот однос, односно со ангажманот на надворешниот наставник и изборот во научно / соработничко звање, односно со статусот “студент на втор циклус на студии“.

**Член 16**

Советот на Институтот:

-донесува статут;

-донесува програма за работа и развој;

-донесува одлука за основање на студии од втор и трет циклус;

-донесува финансов план;

-донесува годишна сметка;

-именува директор во случај кога директор не е основачот, а по претходно добиено мислење на основачот;

-избира и разрешува декан;

-ги избира членовите на Комисијата за самоевалуација на Институтот;

-донесува акти за обезбедување на внатрешна контрола на квалитетот на научната и наставно-научната дејност и го следи нивното спроведување;

-врши избор и реизбор во научни и соработнички звања;

-одлучува за пријавување на научно-истражувачки проекти и за издавање на научни трудови;

-усвојува извештаи за реализација на научно-истражувачките проекти;

-одлучува за организирање на научни собири, симпозиуми и слично;

-одлучува за работите кои се однесуваат на набавка на научна литература и опрема;

-одлучува за работите во врска со меѓународната соработка;

-одлучува за работите кои се однесуваат за оспособување и усовршување на научно-истражувачките и наставни кадри;

-одлучува за пријавување, прифаќање и финансирање на научно-истражувачките проекти;

-донесува студиски програми согласно кои се изведува наставата на Институтот;

-донесува одлуки за покриеност на настава за акредитираните студиски програми;

-одлучува за издавање на научни трудови и списанија и избира и формира рецензенти и формира редакциски одбор;

-донесува правилници и други општи акти со кои се регулира работењето на Институтот;

-усвојува годишен извештај за работа и

-врши други работи кои се во функција на дејноста;

Советот може да формира комисиии и други помошни тела за извршување на определни работи и задачи.

Советот може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

При изборот во научни звања не учествуваат соработниците и студентите. При изборот во соработнички звања не учествуваат студентите.

Надворешните наставници имаат право да присуствуваат и да гласаат само на седниците на кои се одлучува за работите од ставот 1 алинеи 10 и 18 на овој член.

За работите од ставот 1 алинеи 1, 6, 7, 8 и 10 на овој член Советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, кои имаат право да гласаат за тие работи, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 17**

Лицата избрани во научни, наставно-научни и соработнички звања се членови на Советот по положба.

На соработникот избран при Институтот, односно на студентот кој е член на Советот, мандатот му престанува со престанокот на статусот “соработник“, односно “студент на втор циклус на студии“. На негово место соработниците, односно студентите од своите редови избираат нов претставник во Советот.

**Член 18**

Советот се конституира во рок од 8 дена од денот на изборот на членовите на советот.

**Член 19**

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи Деканот на Институтот.

Во отсуство на Деканот, со седницата на Советот раководи друг член на Советот, кој е овластен од него.

Деканот е должен да свика седница на Советот доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

**Член 20**

Член на Советот може да биде и Директорот на Институтот кој може да дава предлози, мислења и да изнесува ставови и забелешки, но без право на одлучување.

**Член 21**

Член на Советот може да се разреши пред истекот на мандатот за кој што е избран доколку:

- му престане работниот однос;
- му мирува работниот однос;
- правосилна судска одлука со која е осуден на казна затвор подолга од 6 (шест) месеци;
- самиот побара да биде разрешен;
- неоправдано отсуствува од три последователни седници;
- е упатен на стручно усовршување во странство на подолго време;
- е спречен подолго време да учествува во работењето на Советот;
- му престане статусот на студент;
- во други случаи утврдени со закон, овој Статут и со актите на Институтот.

**Член 22**

Директор на Институтот е лице кое е именувано од членовите на Советот.

**Член 23**

Директорот:

--го претставува и застапува Институтот во земјата и странство;

-е одговорен за законито работење на Институтот;

-ја предлага Програмата за работа и развој и презема мерки за нејзино спроведување;

-ја предлага организацијата на Институтот;

-ги назначува и разрешува раководните работници во Институтот;

-одлучува за распоредување на работниците на определени работи и работни задачи;

-дава согласност на лицата избрани во научно, односно соработничко звање да вршат високообразовна дејност на друга високообразовна установа;

-ги извршува одлуките на Советот;

-одлучува за засновање на работен однос;

-презема мерки за остварување и развивање на деловната политика и научната соработка со научни,стопански и други субјекти;

-предлага членови на Комисијата за самоевалуација на Институтот;

-го извршува финанасискиот план;

-на Советот му поднесува годишен извештај и

-врши други работи предвидени со закон, со Статутот и општите акти на Институтот.

За извршување на работите од својата надлежност, директорот донесува одлуки, решенија, наредби, упатства и налози.

**Член 24**

Директорот може да ја задржи од извршување одлуката донесена од Советот, доколку смета дека таквата одлука е спротивна на закон или друг акт.

**Член 25**

Во случај на отсутност на директорот, го заменува лице кое тој ќе го овласти.

**Член 26**

Советот на Институтот именува директор, а по претходен предлог на основачот.

Директорот се избира за мандат од 4 години.

**Член 27**

Директорот може да престане да ја врши функцијата:

-по негово барање;

-ако му престане работниот однос;

-ако не се придржува до законите, Статутот и другите општи акти на Институтот;

-ако не ги спроведува одлуките на Советот;

-ако со својата несовесна работа предизвика поголема штета на Институтот;

-ако несовесно ги извршува своите задачи;

-во други случаеви предвидени со закон, Статутот и другите општи акти на Институтот.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА, РАЗВОЈНА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Член 28**

На Институтот се организира научно-истражувачка, развојна и апликативна дејност во согласност со основната мисија на Институтот, коишто ги обезбедуваат целокупноста и потребниот стандард и квалитет на научно – истражувачкиот и образовниот процес, во согласност со закон и овој Статут.

Институтот врши научно-истражувачка, развојна и апликативна работа, со цел развивање на науката, унапредување на дејноста на високото образование, односно унапредување на квалитетот на научно – истражувачката работа, наставата и усовршување на кадарот, воведување на студентите во научно-истражувачката работа, како и создавање на материјални услови за работа и развој.

Слободата на научното и стручното истражување и творештво, како и меѓусебната соработка и здружување е академска слобода која согласно со закон и со Уставот на

Република Северна Македонија им припаѓа на сите членови на академската заедница.

Научната и стручната истражувачка дејност е темелно право и обврска на вработените на Институтот и неговите членови избрани во научни и соработнички звања утврдени со овој Статут и другите акти на Институтот.

Истражувачката работа на вработените од претходниот став се остварува преку:

- преземање на договорни обврски и работи на истражувачки програми, проекти, анализи, експертизи, апликативна дејност и
- индивидуално истражување и творештво.

**Член 29**

Институтот може да остварува меѓународна соработка.

Меѓународната соработка опфаќа: учество во меѓународни проекти, остварување на соработка со универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност, размена на научни и стручни публикации, научни информации, учество во научни средби, симпозиуми, конференции, организирање на меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование, организирање на зимски/летни школи, организирање на студии вон Република Северна Македонија, мобилност на студенти и на наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации и сл., како и изведување други високообразовни научни и апликативни активности.

Условите, начинот и постапката за учество во проекти и нивната реализација, за соработка со установи, институции и други субјекти, менаџирањето на проекти и други прашања од доменот на меѓународната соработка се регулираат со акт кој го донесува Институтот.

При остварување на меѓународната соработка Институтот склучува со другите институции посебни билатерални и мултилатерални договори и спогодби во кои подетално се определуваат формите и начините на меѓународната соработка.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ

**Член 29-а**

За процена на квалитетот на академскиот кадар, студиските програми и постигнувањата во научно-истражувачката дејност на Институтот се спроведува систем на самоевалуација.

Самоевалуацијата се остварува преку институционална евалуација и преку евалуација на студиските програми и на процесите на настава и учење.

Самоевалуацијата се спроведува по студиски програми и на ниво на Институтот, усогласено со правилникот на Институтот.

Самоевалуацијата на Институтот и студиските програми ја врши Комисија за самоевалуација во согласност со овој Статут и правилникот на Институтот.

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 (три) години.

Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, која се спроведува во втората половина од

семестарот односно учебната година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.

**Член 29-б**

Самоевалуацијата на Институтот ја спроведува Комисија за самоевалуација на Институтот составена од 5 (пет) члена, од кои 4 (четири) се избираат од редот на вработените лица избрани во научно звање и од соработниците и 1 (еден) од редот на студентите.

Мандатот на членовите на Комисијата од редот на вработените лица избрани во научно звање и соработниците трае 4 (четири) години, а мандатот на студентот 2 (две) години со право на повторен избор.

Членовите на Комисијата ги избира Советот на предлог на директорот.

**Член 29-в**

Комисијата за самоевалуација на Институтот ја врши самоевалуацијата според условите утврдени со овој Статут и упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Институтот што го донесува Советот.

Со Комисијата за самоевалуација на Институтот раководи претседател избран од редот на вработените лица избрани во научно звање.

**Член 29-г**

Комисијата за самоевалуација на единицата ги анализира и оценува:

1. реализацијата на студиските програми;
2.степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските програми;
3. резултатите од полагањето според структурата на студиските програми;
4. бројот и структурата на студентите;
5. времетрањето на студиските програми и проодноста по академски години;
6. влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
7. влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето и
8. дејноста на Институтот според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност.

**Член 29-д**

Комисијата за самоевалуација врз основа на сопствените истражувања изготвува извештај за резултатите од самоевалуацијата, со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на Институтот.

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницата на Институтот.

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## Втор циклус универзитетски студии

### Член 30

Вториот циклус студии при Институтот се остварува согласно со закон и овој Статут.

Студентите од вториот циклус имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале и да магистрираат во следниве рокови:

–едногодишни студии за 4 (четири) години;

–двегодишни студии за 5 (пет) години..

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со Одлука на Советот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот определен согласно став 2, односно став 3 од овој член, настане измена на студиската програма, студентот ги продолжува студиите по изменетата студиска програма.

Доколку по истекот на рокот определен согласно став 2, односно став 3 од овој член, студиската програма згасне, студентот може, стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите.

### Член 31

Деканот на последипломските студии (втор циклус на студии) е лице кое е избрано од членовите на Советот.

Деканот:

-ги извршува одлуките на Советот, кои се однесуваат на вршењето на високообразовната дејност на Институтот;

-се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научно-истражувачката и апликативната дејност;

-ја предлага Програмата за текот на наставата од вториот циклус на студии и превзема мерки за нејзино спроведување;

-ги свикува седниците на Советот, го предлага дневниот ред и претседава со нив;

-на Советот му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;

-се грижи за остварување на дејноста и развојот на студиите со поширокота општествена заедница

-врши и други работи определени според Статутот и органот на управување.

## Избор и разрешување на декан

### Член 31 – а

Деканот се избира од редот на вработените лица избрани во научно звање на Институтот, за време од четири години, со право на повторен избор.

**Член 31-б**

Деканот го избира Советот, со тајно гласање.

За избор на декан, Советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови.

Одлуката за избор на декан се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

**Член 31-в**

Постапката за избор на декан започнува најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на деканот, врз основа на одлука за конкурс донесена од страна на Советот.

Секое лице избрано во научно звање доколку се исполнети условите од член 31-а од овој Статут, има право во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката од став 1 на овој член, да се кандидира за декан.

Пријавените кандидати доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период до Советот.

Деканот е должен пријавите и програмите на кандидатите за декан да ги достави до членовите на Советот, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.

Советот спроведува тајно гласање и објавува резултати.

За избран се смета кандидатот, кој ќе добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 31-г**

Ако при гласањето за избор на декан, во првиот круг, не биде избран ниту еден од кандидатите, гласањето се повторува уште еднаш, но само за кандидатите кои добиле најмалку една третина гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако и при повторното гласање не се избере декан, постапката се повторува.

Ако за избор на декан има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг не го добие потребното мнозинство на гласови, целата изборна постапка се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за декан од претходната постапка.

Деканот стапува на должност на денот на донесување на Одлуката за негов избор.

**Постапка за пријава, оценка и одбрана на магистерски труд**

**Член 32**

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за разрешување на проблеми од областа која е предмет на истражување. Пријава за изработка на магистерски труд се поднесува до Советот.

Студентот се стекнува со право да поднесе пријава за изработка на магистерски труд, по положувањето на најмалку две третини од вкупниот број предмети и стекнувањето со најмалку 50% од вкупниот број кредити, со барање да

му се формира Комисија за подобност.

Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа, предлог ментор и преглед на литературата. Насловот на темата може да биде предложен од кандидатот во договор со менторот.

Подобноста на темата ја оценува Комисија за подобност составена од 3 (три) члена, која ја формира Советот.

Комисијата е должна најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од формирањето да достави Извештај до Советот.

**Член 33**

Одлука за прифаќање на насловот на темата и за определување на менторот донесува Советот.

**Член 34**

Насловот на прифатениот магистерски труд се објавува во Билтенот и на WEB страницата на Институтот, на македонски и на англиски јазик.

**Член 35**

Паралелно со одлуката за прифаќањето на насловот на темата за изработка на магистерскиот труд, Советот одлучува и по предлогот на кандидатот за определување на ментор.

Менторот се определува од редот на лицата избрани во научно звање на Институтот, односно од редот на наставниците ангажирани за изведување на настава на Институтот, при што истиот треба да биде од потесната област од која е пријавен трудот.

Менторот е член на Комисијата за оценка и одбрана.

На образложено барање на кандидатот или менторот, Советот може да донесе одлука за промена на менторот.

**Член 36**

Магистерскиот труд се пишува на македонски или англиски јазик. Доколку магистерскиот труд е напишан на англиски јазик, задолжително треба да биде преведен и на македонски јазик.

Одбраната е на македонски или на англиски јазик. Доколку на барање на кандидатот одбраната е на англиски јазик, истиот ќе биде должен да обезбеди преведувач од англиски на македонски јазик и обратно.

**Член 37**

Студентот запишан на едногодишни студии брани магистерски труд најдоцна во рок од четири години, сметајќи од денот на запишување на студиите.

Студентот запишан на двегодишни студии брани магистерски труд најдоцна во рок од пет години, сметајќи од денот на запишување на студиите.

По барање на студентот, Советот може да одобри продолжување на рокот

за одбрана на магистерскиот труд за времето додека траеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд. По истекот на овој рок, студентот губи право да го брани пријавениот магистерски труд.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат:

1. подолготрајна тешка болест;
2. бременост и породување;
3. отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и слично и
4. други оправдани причини.

Доколку студентот не го одбрани магистерскиот труд во рокот наведен во став 1, односно став 2 од овој член, истиот ќе има право на сопствен трошок да поднесе нова пријава за изработка на магистерски труд на друга тема.

**Член 38**

По завршувањето на менторската фаза, односно по изработката на трудот, студентот доставува пет примероци од магистерскиот труд со барање да му се формира комисија за одбрана.

Советот формира комисија за одбрана на магистерскиот труд од три члена во рок од 30 дена од денот на доставувањето на трудот.

**Член 39**

Комисијата за одбрана е должна да го прегледа магистерскиот труд и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Комисијата може да му го врати на кандидатот трудот со забелешките најмногу двапати и да му определи, во рок од најмногу три месеци, да постапи по нив.

Комисијата подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Извештајот се доставува до Советот.

По усвојувањето на извештајот Советот го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот. Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната.

**Член 40**

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на Институтот најмалку 7 дена пред денот на одбраната на трудот.

По завршувањето на одбраната на трудот, Комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на магистерскиот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: не го одбранил магистерскиот труд и го одбранил магистерскиот труд.

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од ст.3 на овој член. Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата.

**Член 41**

Студентот кој завршил, според соодветните студиски и предметни програми, последипломски научни студии (магистерски студии) и одбранил магистерски труд го стекнува научниот степен магистер на науки (скратено: м-р).

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е Master of Science (MSc).

**Престанок на статусот на студент**

**Член 41-а**

На студентот му престанува статусот на студент во Институтот ако:
- дипломира,
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, статутот или правилата за студирање на Институтот,
- се испише,
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилата за студирање на Институтот.

Статусот од ставот (1) на овој член може да биде обновен на писмено барање на студентот, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на Институтот.

**План на студиите**

**Член 42**

Студиите се изведуваат според план за реализација на наставата кој, во согласност со законот и овој Статут, го донесува Советот.

Со планот се утврдува:
- наставниот кадар кој ја реализира наставата на студиската програма;
- место на изведување на наставата;
- почеток, крај и временска рамка за изведување на наставата;
- облици на наставата (предавања, семинари, вежби, консултации, теренска работа, проверка на знаењата и др.);
- начини на полагање на испитите, испитни рокови и мерила за испитување;
- попис на литературата за студиите и полагање на испитите;
- можност за реализација на студиите на странски јазик;
- можност за изведување на студиите по далечински пат;
- други важни податоци за уредно изведување на студиската програма.

Препорачаната литература за одредени предметни програми и за одделни предмети, мора да биде усогласена со обемот и рамките на програмата.

Планот на студиите се објавува пред почетокот на наставата на односната академска година и е достапен за јавноста.

**Јазици на кои се изведува наставата**

**Член 43**

Наставата на Институтот се изведува на македонски или на англиски јазик.

**Напредување на студентот**

**Член 44**

Студентот стекнува право на упис на нареден семестар на студии кога ќе ги исполни сите студиски обврски изразени во ЕКТС кредити, предвидени со запишувањето во претходниот семестар.

Студентот може да ги запише само оние предмети за кои стекнал право според студиската програма и планот на студиите.

Студентот кој нема да ги исполни условите за запишување на повисок семестар предвидени во став два, студирањето може да го продолжи на тој начин што повторно ќе ги запише студиските обврски кои не ги исполнил во претходниот семестар и да запише нови предмети, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не надминуваат 21 – 35 ЕКТС кредити.

Со програмата и со планот на студиите во кои наставата се изведува семестрално, можат да бидат пропишани исклучоци од ставовите 1 и 2 на овој член, со цел на студентот да му се даде можност да запише нареден семестар во услови кога има неисполнето само дел од своите обврски во претходниот семестар.

**Проверка на знаењето**

**Член 45**

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати, од кој третиот пат по барање на студентот испитот се изведува пред Комисија составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно подрачје. Комисијата ја формира Деканот.

Наставникот кај кого полагал студентот не е член на Комисијата од претходниот став на овој член.

Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начините определени во студиската програма и во роковите утврдени со овој Статут.

**Испити и Испитни рокови**

**Член 46**

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на јануарски, јунски и септемвриски испитен рок.

Испитните рокови траат најмалку три недели. За секој предмет во секој испитен рок се даваат по два термина. Разликата помеѓу нив не може да биде помала од десет дена.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок

наставни содржини, односно преку колоквиуми, ако се предвидени во предметната програма, а крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовната испитна сесија.

Во крајната оценка може да се пресметаат постигањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се полагаат по сите предмети што студентот ги запишал, и тоа според материјалот утврден со студиската програма.

На испит може да се јави оној студент кој ги има исполнето сите пропишани обврски утврдени според студиската програма за конкретниот предмет.

За секој студент се води испитна документација.

Студентот има право на увид во испитната документација.

**Почеток и времетраење на наставата**

**Член 46-а**

Студиската година започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси.

Зимскиот семестар започнува на 1 октомври и завршува на 31 јануари.

Летниот семестар започнува на 1 февруари и завршува на 30 септември.

**Услови, критериуми и правила за запишување и студирање**

**Член 47**

Запишувањето на студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Институтот најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за запишување на студии содржи:

1. називот и адресата на Институтот,
2. назив на студиската програма,
3. место на изведување на студиската програма,
4. времетраење на студиите,
5. услови за запишување,
6. предвиден број на слободни места за запишување,
7. постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите
8. висината на школарината, доколку студентот е должен да ги плати.

Конкурсот се објавува во најмалку еден дневен весник.

Поблиски одредби за критериумите и условите за запишување на студиите донесува Советот на Институтот, пред секое објавување на конкурс за запишување на втор циклус на студии.

**Програми за стручно и професионално усовршување**

**Член 47-а**

Институтот може да организира различни програми на стручно, односно професионално усовршување имајќи го предвид концептот за доживотно учење.

Програмите од ставот (1) на овој член се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во смисла на Законот за високото образование.

По завршување на програмите за стручно, односно професионално усовршување се стекнува потврда, односно сертификат кој го издава Институтот.

Учесниците во формите за стручно, односно професионално усовршување немаат статус на студенти.

Формите за стручно, односно професионално усовршување и другите услови за нивното организирање, како и правата и обврските на лицата кои ги посетувале се уредуваат со општ акт Институтот.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување, Институтот може да организира и различни облици на неформално учење, како курсеви, летни и зимски школи, работилници и слично. По завршување на соодветниот облик на неформално учење се стекнува соодветен сертификат кој го издава Институтот.

**Стручно образование пократко од три години**

**Член 47-б**

За стекнување на стручни знаења и обука Институтот може да организира стручно образование со траење и пократко од три години.

За стекнатите стручни знаења и обука од ставот (1) на овој член се издава сертификат.

На лицето кое стекнало сертификат или друга исправа за стручно знаење, според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на високообразовни стручни студии може стекнатото стручно знаење и обука изразено во кредити да му се признае како дел од вискообразовна студиска програма. Стекнатите кредити се забележуваат во сертификатот или другата исправа од ставот (2) на овој член.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити согласно со ставот (3) на овој член и има знаење стекнато од други форми на учење кое ќе биде соодветно евалуирано од високообразовната установа може да ги продолжи студиите според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење.

**Јавни исправи**

**Член 48**

Дипломата, индексот и студентската легитимација ги издава Институтот.

Дипломите ги потпишуваат Деканот на последипломските студии и Директорот на

Институтот.

Уверението го издава Институтот, а го потпишуваат Деканот на последипломските студии и Директорот на Институтот.

Индексот и студентската легитимација ги потпишува Деканот на последипломските студии.

**Член 49**

Дипломата е јавна исправа и се издава во еден примерок на македонски јазик.

Во случај да се загуби или уништи се издава друг примерок.

По барање на кандидатот, дипломата се издава и на еден од светските јазици. Трошоците паѓаат на товар на кандидатот.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

Изработката на дипломите, индексите и студентските легитимации е во надлежност на Институтот.

**Член 49-а**

За стекнати стручни знаења и обука или професионално усовршување Институот издава сертификати во кои се наведува видот и обемот на стекнатото стручно образование, односно професионално усовршување.

Сертификатите ги потпишува Директорот на Институтот.

Поблиски одредби за стручното образование, односно за професионалното усовршување и за сертификатите што се издаваат се утврдуваат со Правилникот на Институтот.

**Одземање на диплома**

**Член 50**

Условите и постапката за одземање на издадената диплома се утврдуваат со Правилникот за издавање дипломи, додаток на диплома и постапката за одземање на издадена диплома, кој го донесува Советот.

**Водење евиденција**

**Член 51**

Евиденцијата со личните податоци за студентите се води согласно со Законот за високото образование.

Евиденцијата се води во материјална или во електронска форма.

Обрасците потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата ги издава Институтот.

**Член 52**

За потребите на евиденцијата, студентската мобилност и регулација на статусот на студентите, Институтот издава и други обрасци пропишани со акт на

Советот.

## НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

### Научни и соработнички звања

**Член 53**

Научните и соработничките звања при Институтот се утврдени со Законот за научно-истражувачката дејност.

Научните и соработничките звања стекнати според Законот од ставот 1 на овој член, одговараат на следните звања утврдени со законот кој се однесува на високото образование: научен советник - редовен професор; виш научен соработник - вонреден професор; научен соработник - доцент и соработник во научно-истражувачката дејност - соработник во високото образование.

### Критериуми и постапка за избор

**Член 54**

Изборот на кандидатите во научни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс што го објавува Институтот.

Конкурс се распишува за сите научни звања.

За потребите на научно-истражувачката дејност и наставно-образовниот процес, преку јавен конкурс се избираат соработници – истражувачи. За соработник - истражувач може да биде избран студент на студии од втор или трет циклус, односно лице кое има стекнато назив магистер, или доктор на науки од соодветната област..

Стекнувањето на научното звање на избраните истражувачи е постапно.

Постапката за изборот може да трае најмногу шест месеца. Ако таа не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

Изборот на кандидатите во научни и соработнички звања го врши Советот, врз основа на оцена на рецензиона комисија која тој ја формира по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Членовите на рецензионата комисија се избираат од редот на лица со истражувачки и наставно-научни звања од истата или од друга високообразовна, односно научна установа.

Рецензионата комисија се состои од најмалку три члена од кои повеќе од половината се лица со истражувачки и наставно-научни звања од истото научно подрачје во научната област во која се избира кандидатот, а другите членови се од соодветната научна област.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето во кое се избира кандидатот.

Врз принципот на реципроцитет, член на рецензиона комисија, под истите услови определни во овој закон, може да биде и лице со научно звање од акредитирана високообразовна, односно научна установа во странство со која Институтот има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува писмен извештај во рок определен со актот за нејзиното формирање.

Извештајот од претходниот став содржи биографски податоци за кандидатот, преглед и оцена на неговата научна работа и оцена на исполнетоста на условите за избор во научно, односно соработничко звање.

Институтот е должен да го објави извештајот на рецензионата комисија во соодветен билтен и на веб страницата на Институтот најдоцна 15 дена пред денот на изборот.

Критериумите и постапката за избор во научни и соработнички звања се утврдуваат со закон и Правилникот за критериуми и постапка за избор во научни и соработнички звања при Институтот.

## Засновање работен однос

### Член 55

Со извршениот избор во научно, односно соработничко звање избраното лице засновува работен однос за времето за кое е избрано.

Научен соработник, виш научен соработник и научен советник се избираат за време од пет години.

Соработник-истражувач се избира за време од 3 години, без ограничување на правото на реизбор.

На лицето избрано во научно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува своите работни обврски, ако ги попречува законските и статутарните активности на Институтот или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во субјектите, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и ако сторило кривично дело во врска со вршењето на научно-истражувачката дејност.

Договорот за вработување го потпишуваат директорот и избраното лице.

Институтот води евиденција на лицата избрани во звања, а документацијата, согласно со Законот за работни односи, се чува во Институтот.

## Примена на Правилникот за критериумите и постапката за избор во научни и соработнички звања при Институтот

### Член 56

Критериумите и постапката за избор во научни и насловни звања, избор на соработници, распишувањето конкурс, предвремен избор во повисоко звање, правата на лицата што не се избрани, предвремен престанок на изборот, се уредуваат со Правилникот за критериумите и постапката за избор во научни и соработнички звања при Институтот.

## Визитинг наставници

**Член 57**

По покана од Советот на Институтот, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници од земјата и од странство, можат како гости, без распишување конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка дејност на определено време.

Визитинг наставникот може да ја извршува високообразовната и научно--истражувачката дејност на Институтот најмногу три последователни академски години, со право да врши оценување на студентите.

Начинот, времето и условите под кои се врши дејноста од ставот 1 на овој член се утврдуваат со договор склучен помеѓу Директоторот на Институтот и визитинг наставникот.

**Афирмирани научници, стручњаци од практиката**

**Член 58**

На Институтот, афирмирани научници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Институтот за избор во звање, по покана на Советот, можат како специјалисти и експерти да изведуваат настава по одделни делови од наставен предмет.

Лицата од став 1 на овој член наставата ќе ја изведуваат во координација и соработка со предметниот наставник најмногу 1/3 (една третина) од семестарот.

Времетраењето на престојот на лицата од претходниот став го определува Советот.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

Лицата од став 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да имаат завршено најмалку четиригодишни додипломски студии;
2. да имаат потврдени резултати во областа во која се ангажираат да изведуваат настава;
3. да доставaт програма за реализацијата на стручните аспекти на прашањата и проблемите од наставниот предмет.

**Насловни звања**

**Член 59**

При Институтот, афирмирани научници, стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање, можат да се избираат во звањето насловен доцент и насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со закон и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Институтот.

Видот и обемот на учеството во вршењето на високообразовната дејност на лицата избрани во насловни звања се утврдува со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања.

## Платено и неплатено отсуство, сабатна година и времено зголемување на плата

### Член 60

Времетраењето на платеното отсуство до една година, односно неплатеното отсуство до три години, заради стручно или научно усовршување во соодветната област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно или научно-истражувачко звање, го предлага директорот, а одобрува Советот, во согласност со Планот за настава.

Лицето избрано во научно звање е должно да поднесе писмено барање за платеното отсуство до една година, односно неплатеното отсуство до три години, со доказ за можност за стручно или научно усовршување или со покана за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно или научно-истражувачко звање.

При давањето согласност за отсуство, Советот е должен да обезбеди замена, доколку е потребна.

Во случај на неплатено отсуство, на лицето избрано во наставно-научно звање му мируваат правата и обврските од работниот однос и звањето.

## ДЕЛОВНА ТАЈНА

### Член 61

Како деловна тајна на Институтот се сметаат податоците кои се закон или друг пропис и со одлука на основачот се прогласени за деловна тајна.

Податоците кои се сметаат за деловна тајна научно-истражувачките работници и сите други вработени во Институтот, не смеат да ги изнесуваат надвор од Институтот, нити да ги пренесуваат на други установи кои се занимаваат со ваква или слична дејност.

## ОДБОР ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

### Член 62

Со цел остварување соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Институтот формира Одбор за соработка и доверба со јавноста.

Одборот за соработка и доверба со јавноста има советодавна улога.

### Член 62-а

Одборот за соработка и доверба со јавноста е составен од 3 (три) членови и тоа:

- Основачот, или лице определено од него;
- 1 (еден) претставник од стопанството, на предлог на Директорот на Институтот; и
- 1 (еден) претставник од нестопанството од делокругот на студиските програми, на

предлог на Директорот на Институтот.

Мандатот на членовите на Одборот изнесува 3 години, без ограничување на правото на реизбор.

За член на Одборот не може да биде избрано лице кое согласно со Законот за установите, не може да биде член на орган на управување на установа.

Членовите во Одборот ги назначува Советот на Институтот.

**Член 62-б**

Конститутивната седница на Одборот за соработка и доверба со јавноста ја свикува Деканот.

Одборот за соработка и доверба со јавноста од редовите на своите членови избира претседател.

Одборот работи на седници кои што ги свикува претседателот на одборот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Стручните и административните работи за потребите на Одборот за соработка и доверба со јавноста ги врши лице од Институтот, вработено во одделот за општи и административно-технички работи.

**Член 62-в**

Одборот за соработка и доверба со јавноста расправа и дава мислења, предлози и препораки за:

- Општествена оправданост на студиските програми на Институтот;
- Содржината и специфичните дескриптори на студиските програми на Институтот;
- Организирање на трибини, семинари, конгреси и симпозиуми, односно јавни расправи од страна на високообразовната установа по актуелни општествени прашања за студентите и пошироката јавност;
- Други прашања значајни за улогата и придонесот на високообразовната установа за социоекономскиот развој на општеството;
- Други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Мислењата, предлозите и препораките, Одборот ги доставува до Деканот на Институтот.

**Член 62-г**

Деканот ги информира членовите на Одборот за прашањата во врска со работата на Институтот што се во надлежност на Одборот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 63**

Во Институтот се донесува Статут и други општи акти кои се однесуваат на остварување на правата и обврските на Институтот и вработените во него, систематизација на работните места и стручно оспособување и усовршување на

вработените.

**Член 64**

Изменување и дополнување на Статутот и другите акти се врши во иста постапка како и за нивното донесување.

**Член 65**

Согласност со одредбите од овој Статут дава основачот.

**Член 65-а**

Мандатот на постојните членови на Советот им престанува со денот на изборот на новите членови. Новиот Совет ќе се конституира најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на влегување во сила на овој пречистен текст од Статутот, а согласно одредбите на истиот.

**Член 65-б**

Соработниците избрани како Помлад асистент-истражувач, односно Асистент-истражувач продолжуваат да ги исполнуваат своите права и обврски за периодот за кој се избрани.

**Член 66**

Статутот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Прилеп, на ден 23.12.2020г.

Приватна научна установа ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

Научен советник/Редовен проф.
Д-р Светлана Ристеска – Декан